**Ашталкоска Ана**
**(Скопје, Р. Македонија)**

# ЖЕНАТА НЕРОТКА И ОДНОСОТ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА СЕЛСКА ЗАЕДНИЦА КОН НЕА

(автобиографски искази од с. *Ореше*, с. *Теово,* Велешко; с. *Иловица,* Струмичко)

*Айстракт:* Врз основа на лични теренски истражувања на животни (и)стории на жени нerотки, авторката се обидува да ги утврди основните релации помеѓу индивидуата и колективот, особено кога станува збор за традициските селски заедници. Таа се задржува посебно на личните доживувања и преживувања на информаторките во средините во кои раѓањето, особено машки пород се смета за една од најважните функции на жената.

*Клучни зборови:* жени неротки, Македонија, традициска селска заедница, автобиографски искази

На теренските истражувања во наведените села беа земени автобиографски искази на жени неротки и членови од нивните семејства. Наша цел е низ призмата на биографскиот метод, односно преку нивните лични доживувања да се обидеме да го утврдиме статусот на жената во традиционалната селска заедница, притоа, особено имајќи го во вид ставот на заедницата за жената како основен фактор во репродуцирањето на заедницата.

Според народните принципи, од мажот, а особено од жената се очекува да го продолжат родот и да создадат наследници во фамилијата. Плодноста во традиционалните услови на живеење е еден од најважните услови човек да биде прифатен како рамноправен член во заедницата. Според тоа бездетството во традиционалната селска заедница се смета за голем недостаток. Жената нерotка во таква средина мора да се соочи со многу проблеми. Жената е главен виновник за бездетството. Освен во случаи кога е јасно видлив и изразен проблемот кај мажот како импотентност, во сите други случаи е обвинета жената. Таа прифаќа медицински тестирања и лекување додека за мажот е голем срам да ја испита плодноста.

> "И син ми непрегледан и тaја. И рекое - немој ти да не ојш да се страмиш ти немаш грешка. На невестата запушени каналите је се". ( Злата Делоска- Ореше)

> "Јас ќе му речам-ај ќе ојме на доктур. Он вика- ме е страм, не одам." ( Доста Тасева- Иловица)

Има случаи кога и на жените не им е дозволено да бараат лекарска помош.

> "Па и не ми рече свекрвата- ајде оди па. И така си остана. Моето момче вика- ајде бе, не оди по такви работи. Глеј си работата- вика. Не ме остај. Не одих." (Д.Т. - Иловица)

Во Иловица е познато испитувањето на машката плодност кое го вршат жените откако ќе се армасаат, а пред да се омажат.Тие доколку сакаат да ја испитаат плодноста на нивниот иден сопруг, треба да имаат сексуален однос со момчето пред свадбата. Младите девојки за целиот процес се подучувани од постарите жени: "Дај мори од машкото да капне семката, това белото уф водата".

> "Ако е плоден мажо ќе падне на дубо на чашката. Е така ги пробувале некој на машките".

На истиот начин се проверува и плодноста на жената.

"Од белото перене ќе пуштиш уф таа вода дека е машката клетка. Ја ако падне и твоето и това, они са бутат мрдат - добро е. Ако летнат од горе и глуо семе го викаат. Глуо - нема плод. Е по това ги пробували мажите". (Стојна Панова - Иловица)

Но, и покрај оваа можност мажите ретко дозволуваат да бидат испитувани, па затоа жените скришно ги вршеле тие испитувања. Заради тоа и во Иловица жената неротка го има истиот третман.

Семејните односи во бездетните фамилии се силно нарушени. Мажите физички ги малтретираат своите жени, па дури се случува да ги бркаат од дома и да ги враќаат кај родителите. Другите членови од семејството на мажот, исто така, ја осудуваат и понижуваат жената неротка. Свекрвата има ваков коментар за својата снаа неротка:

"Е она невестана шо ја гледаш ондека, та одма ќе дојт, ќа легнит. А ја ќа бера, ќа суредува. Мети, суредувај, да измија, мевце да им направа, ручек да им направа, све се чекат од мене". ( З. Д. - Ореше)

Жените неротки многу полесно го изразуваат незадоволството од односот на роднините од машка страна.

"Овде шо има еден девер ич не вредит. Кучиња. Имат тој осум деца. Не влегаме ич. Се сакат се да те немат. Се на шега. Та ваква, та таква, та неспособна. Секако маки се поминаа". ( Лена Милошеска- Ореше)

Во биографските искази своите мажи се трудат да ги прикажат во најдобро светло.

"Убаво ми беше, не су ни гнавена од мажа ми, нишчо, нити па и деца су немала. Ни карана ни тепана, ни бркана, ни оти деца сме немале да ми рекол". ( Л. М.- Ореше)

"На мене мојто момче не ми кажа ој си". (Д.Т.- Иловица)

Интересен е случајот на Доста од Иловица, чиј маж долго време физички ја малтретирал, ја тепал и ја бркал од дома. Во биографскиот исказ таа не се осмели да го каже сето тоа, напротив, се обидуваше да го претстави најдобро што може. Неговиот лош однос можеше само да се насети додека конкретни обвинувања немаше. Нејзин проблем беше како да ја преболи неговата смрт. За жената неротка единствена личност која ги трпи последиците од бездетството е нејзиниот сопруг. Тука секако мора да се додаде и женската потчинетост на машкиот принцип и авторитет во традиционалната селска заедница. За односите меѓу жената и мажот во бездетното семејство најчесто дознаваме од околината - од роднини или нивни пријатели.

"Ејгиди дотка Доста, колко е јадела ќотек првите години ка беше млада. Ја тепаше. Нема деца, га гонија. Кромид ќе исчукат дека е удрена.. това и коските те болат! И беа ложили кромид на неа. Не ојдеа на бајачки. Ни семето да си проверат, ни на доктор. Инатчив, прос! Е направи ми де! Ти ако не посадиш уф нивата ќе никне ли? Ја бркаше. Бркаше ја". (С.П. - Иловица)

Во врска со односите меѓу жената неротка и нејзините родители и роднини се добива впечаток дека избегнуваат да учествуваат во тој проблем заради срамот да не им биде вратена назад.

"Они ми викаа- договорејте се с´с домаќините, с´с маж ти. Ако ти позволи ќе одеш да бараш помош, ако не ти позволи, таков ќе е живото твој". (Д.Т. - Иловица)

"Еми шо да чине. Дека да оде бре чедо! Дека да одиш, женско дете. А бе не сме такви ние". (С.П.- Иловица)

Интересно е како некои жени неротки нашле начин да си го подобрат својот статус во семејството, контролирајќи ги односите со своите мажи. Лена од Ореше си дозволуваше да му се развика на мажот и пред непознати лица, да го контролира неговото потполно излегување со еден груб однос и повишен тон. Нејзиниот сопруг тоа мирно го прифати без никаква реакција. Неговиот авторитет како маж е видно ублажен. Богдана од Теово постојано ги обвинуваше роднините од нејзиниот маж, поделувајки ја, на тој начин, вината за нивниот проблем. Низ целиот разговор нејзиниот маж упатуваше клетви кон неговите роднини кои им направиле магија за неплодност, давајќи ѝ полна поддршка на својата жена. Овој начин на регулирање на односите во семејството е реакција на маргинализацијата на жената неротка во традиционалната селска заедница.

Меѓутоа, и во такви случаи главните одлуки ги донесува мажот. Ако тој не дозволи да се преземе нешто, тогаш тоа нема да се случи. Сопругот на Лена од Ореше не дозволил да посвојат дете, иако тоа го планирале долго време.

> "Све документи имаме ушче да поеме да видиме како, шо. И таја сна му рече- ии ќе посвојувате турски каурски копилиња. Овој како да се усрами и од тогај више..ете тога баталивме. А иначе јас многу си сакав". (Л.М. - Ореше)

Има уште поригорозни и посурови мажи. На Доста од Иловица не и било дозволено да бара помош од каков било вид. Не смеела да оди кај тријачки, бајачки, гатачи, по манастири итн. бидејќи и било строго забрането. Заради тоа таа скришно ги посетувала тие места под константен притисок да не биде откриена. Покрај ваквите екстремни случаи мажите обично учествуваат во обидите да се добие дете, односно ги придружуваат жените кога одат кај гледачи и во манастири.

Бездетните семејства се осудени на губење на името на фамилијата и родот. Тоа со себе го повлекува проблемот на растурање на имотот и сите материјални добра кои му припаѓаат на семејството. Неизвесноста е многу голема во врска со тоа што ќе се случи со сето она што го наследиле или стекнале во својот живот. Тие стравуваат дека непријателите, кои се најчесто членови од фамилијата, ќе им го преземат имотот. Овој проблем само им го зголемува чувството на бесцелност на нивниот живот.

> "Во четири ѕида ние двајца. Е това е жално. По смрти мој, немат ова кому да го остава. Сеа си вика, шо ми биле шо су правела коа су немала кому да и остава јас. Сакав, не родив. Убаво е, ама немаме луѓе. Кој ќе ја полнит куќава, глувци? И ја не зна шо ќа прајме со куќава. И мие не знајме шо ќа прајме. Ќе ми ја завземет оније шо не нeќет. Не неќет. Кавга не су отворила, ама секако те имет на шило дека немаш деца. Само викает- наше ќа бидет ова, наше ќа бидет она." (Л.М.- Ореше)

> "Ова невестава немат дечиња. И за неа направено и јамболивчиња и едно и друго, не роди и таке си седет сеа. Се имаме, еве и куќава ја гледаш стара ама секаде подредено! - Да одиме да правиме куќа. Та зошчо ми е да праеме куќа мене. Кому ќа му седна во куќата". (З.Д.- Ореше)

> "Лакоми, мило, за сермија биле порано, немало кај да одат "(Богдана Мирчева- Теово)

Најголемиот проблем на жената неротка е односот на околината кон неа. Заради својот недостаток тоа се потчинува на супериорниот став на заедницата. Таквиот однос и од двете страни е разбирлив, бидејќи децата се растени и воспитувани така што ја сфаќаат жената како основен фактор во репродуцирањето на заедницата. Жените неротки се соочени со екскомуникација од страна на средината. Селаните за нив велат дека се понижувани од цело село, бидејќи за нив нема кој да се грижи.

"Те потценуват. Еби му мајката, та јалова е. Штирица. Безчедна. Кој ќе бере грижа за неа.. Еми од секој си потценен" (С.П.- Иловица)

Неротките имаат голема потреба да бидат прифатени, вклопени во заедницата.

"И ја су сакала да бида смешана како сите, и ја да су имала сега внуци од синови и од ќерки. Ако су немала син нека су имала ќерки" (Л.М.- Ореше)

За некои од нив посвојувањето е начин преку кој ќе се приближат до заедницата.

А иначе ја многу си сакав. И тоа не рулче да речиш, рулче да су сакала! Како шо одит на чкола децана, си викав да се меша во женине коа одет на родителска. Ете такво сакав. Неќев рулче. Да ода во женине, да се меше ако одет на родителска. (Л.М.- Ореше)

Во некои ситуации е видлива надмоќта, дури и на помлади жени кои родиле деца во однос на неротките. На пр. во еден разговор за обичаите околу раѓање на кој беше присутна и една жена неротка, нејзините искази беа многу често корегирани, а за оние работи кои не ги знаеше, следуваа коментари како: постара е, а не знае.

Овие жени на таквиот однос на околината реагираат претставувајќи се себе си како чесни и коректни. На тој начин вината секогаш се пренесува на другите.

"Со сите јас живеа. Ни кавга, ни ѓурултија, ни су се скарала, ни некого су потшегувала. Со овје со сите комшии си живејме, само со оваја куќа долнава не живеам. Ете некако одвратни се. Неќет". (Л.М.-Ореше)

Несогласувањата со другите ги објаснуваат велејќи дека тие немаат заштитници а таа би требало да бидат нивните деца.

"Ни згрешиле, дошле дома не удриле. Оти сме немале ние одбрана. Со синови - не. Зетови - не. Дојдое едни не заклае под чардак" (Л.М.- Ореше)

Нешто поинаква е состојбата со жените неротки кои посвоиле дете. Обично земале деца од нивните поблиски роднини за да остане имотот сепак, во рамките на пошироката фамилија.

"Еми ние се договоривме с´с золвата. Викам- износи го, Господ ќе ти дае мож лекотија ќе ни го даеш на нас" (Д.Т. - Иловица)

"Имам земено. Ја су ги изгледала. Година немаше. Мајка му умре и ја си го зедов детево. И си го изгледав, си го омажив овде, домазет ѓоа да седи овде". (Б.М.- Теово)

Тука е и сатисфакцијата да се пренесе имотот на детето кое лично тие го израснале.

"Е види.. на тија години да е при них там ќе го следе ли толку имане? Ќе го следе ли толку имане да му дае родитело него. Ами това сичко останува на него. На кој ќе е това? Кога немам јас од мене друго, а јас сеа го знам мое! Аку не сам го родила ама сам го зела од девет месеци и заведено е врз наше име. Шо да има, до лажичка, до паничка, сичко ќе е негово". (Д.Т.- Иловица)

"Ама има си она там десетина декара и тие на Зоран ќе се оти посинено е. Тука е префрлено като нивно дете... Чуждо е дете, а она од душа си го сака. А сеа тие момичките ќе плете чорапи, ќе им купува, сите си и сака като нејни. Она се навикна веќе на тој живот". (С.П. - Иловица)

Во некои семејства се стабилизираат односите меѓу мажот и жената. Доста од Иловица не е веќе физички малтретирана од нејзиниот сопруг откако посвоиле дете. Нејзината

братучетка вели: "И маж и ја сакаше од ка го земаа Зорана оти од нивните земаа, од сестра му. Ја тепаше дедо Стојко првите години. После од ка го земаа Зоран не". (С.П.- Иловица)
Посвојувањето се врши по договор меѓу двете семејства, а, исто така, се внимава на тоа посвојувањето да биде и законски уредено. Во Иловица посвојувањето е регулирано на следниов начин: кога новите родители одат да го земат детето, треба да однесат нови алишта во кои ќе го пренесат во новиот дом, а старите алишта треба да останат во стариот дом. Пред да го земат, детето го мерат на кантар за да живее долго и мора да го пренесат во новиот дом пред да зајде сонцето. Потоа даваат вечера за роднините и пријателите.

Меѓутоа, и во такви семејства се јавуваат проблеми. Бидејќи селото е мала затворена заедница, каде што ретко кој настан останува незабележан, и посвојувањето му е познато на секого. На пр. посвоеното дете на Доста од Иловица, за тоа дознава од селаните. Тоа довело до нарушување на односите со родителите кои го посвоиле. Од тој момент детето ги ословува со "стара" или "стари". Се нарушуваат односите и со неговите биолошки родители кои во оваа ситуација се водат како негови роднини.

"Ни мајко... старата, старата, старата. А бе кажи мамо! Не ја вика мамо. А од толкочко оше ка се роди го земаа. Додека беше помалечок.. а сега ка осети оти на чедо место е- старио, старата, старио, старата. А па не на таа мајка па вика. И га неќе на таа мајка оти го е дадела". (С.П.- Иловица)

Поради ваквите конфликти во семејството, посвоеното дете, кое сега е возрасен маж, го губи чувството за создавање свое семејство според принципите на заедницата. Недостасува почитта кон децата и сопругата и грижата за нив.

"Ни паричка да даде на таа жена, еми таа од мажо чека да ѝ донесе парички. Парите ќе ги испие. Таа Достичка момичката малечка- е тате донеси парите и на нас ни треба, пиџама ќе си купам. И се тука е при та продавачката. Ќе си дојде од работа, там ќе седне, ќе помага, ќе товари. А за шо да помагам на продавачката, дали јас си немам деца дома да си дојдам. Не смее да го кара баба Доста. Та таков е Зоран, се со зор, сос викајне, сос пискајне". (С.П.- Иловица)

И околу посвојувањето има притисок и критики од околинта. Некои имаат вакви коментари- как ајдиса та мајка да си даде детето на тебе.

Во традиционалната селска заедница постојат термини кои ги означуваат жените неротки и тие имаат негативно и потценувачко значење. Во Ореше се употребуваат термините "шчиринки" и "шчиракици", во Теово штираквици и во Иловица "безчедна", "јалова","штирица". Некои информатори, особено жените изјавуваат дека и покрај тоа што постојат такви термини, никогаш не ги користат.

Жените неротки својот проблем го објаснуваат на различни начини.

Скоро сите жени кои биле на лекарски испитувања добиле одговор дека имаат "забушени канали"

"Викае дека забушени канали, ама мене ми и одбушувае в болница тамо и па не родив." (Л.М.- Ореше)

Интересно е како ја поврзуваат менструацијата со плодноста, иако таа не се зема како услов за скучување брак. Има многу случаи кога девојката добива менструација дури откако ќе се омажи (Т,О)

"Од селово шо дојде ова невестава моја непара имаше месец, сега повеќе имат, тогај на млади години немаше. И зато не роди. Ко девојче забушено беше". (З.Д.- Ореше)

"А менструацијата редовно ми идеше.. "(Д.Т.- Иловица)

Некои неплодноста ја поврзуваат со неморалното однесување на жените неротки. Свекрвата има вакво објаснување за проблемот на нејзината снаа неротка:" Сега се родило дете, немат десет години, осум години, да ми простиш, си се ебает. Кај сакаш здраво да бидет. Кај сакаш тоа дете да имат напредок. И тоа децата сега немает род. Е сега не может. Малечки се!" (З.Д.- Ореше)

Како причина за неплодноста е земена и болеста во младоста која многу често е поврзана со магиско дејство. Доста од Иловица била болна од "зена" што значи дека некоја нејзина блиска пријателка ја скрила бременоста од неа. Денес како една од можностите за нејзиниот проблем е "зената".

"Арно ама тие старите баби викат- това е зената шо ќе влезе уф тебе не излеве. Мора нешто да се десе. Јас останах жива, та деца немам." (Д.Т.- Иловица)

Меѓутоа, главна и најчеста причина за бездетството е црната магија. Такви магии прават или некои лоши жени од селото или блиски роднини кои биле "лакоми за сермии". За да можат да добијат поголем имот прават магии за неплодност, при што останува имотот од бездетното семејство. Тие луѓе кои прават магии, иако се непознати, бидејќи нема начин за нивно откривање, сепак, се омразени и јавно осудени.

Магиите за неплодност најчесто ги правеле за свадбата. Во Иловица правеле магии на земјата од отпечатокот на стапалката од невестата.

"Ка ќе тргне невестата ка ќе излезе од нејнио си двор за накаде црквата да оде, од стапалките од песоко ќе земат и ќе го носат дека сакат, дека знаат. За деца да нема, среќа да нема. Прават некој. Кој му носе душа прае". (С.П.- Иловица)

Во Теово младоженците за да се заштитат кога одат на венчавката носат отклучени катанци кои ги заклучуваат веднаш по венчавката. Магиите кои предизвикуваат неплодност кај жените, во повеќето случаи, се поврзани со катанци или клучеви со кои се заклучува плодноста на жената. Во Ореше кажуваат дека такви жени маѓепсници земаат земја од непознат гроб- како што е непознат гробот така жената да нема никогаш деца, среќа итн. Фрлале катанец во незнаен бунар- кога ќе се отклучи катанецот, тогаш жената да добие деца. Богдана од Теово ја нашла магијата во својот дом.

"На прагот и плоча пред прагот олкава, ама меѓу прагот и плочата олку вака земја да имат место празно. Ко шо метела ко видела два клуча заклучени со грбојте свртени еден систем. Еднакви клучојте два. Помалични така, не големи. И свртени со грбојте заклучени и со шајка заковани! И најдовне, па ги испокршивне. Нишчо. Помина времето више". (Б.М.- Теово)

Со откривањето на магијата како нешто зло се добива емоционална поддршка од другите дека проблемот ќе се разреши. А доколку не се разреши тогаш виновникот е некој кој и мисли лошо на жртвата. Тие виновници се, најчесто, членови на фамилијата од машка страна.

"На Ангелета ја му реков вака- прашај го гледачот по која странка. Тој рече - од по машка страна, синко, си засегнат". (Б.М.- Теово)

Има случаи кога заради магијата се нарушуваат односите и со блиски роднини од жената неротка.

"Од сестра на мајка ми, внук ми напрај мене триста збрки и денеска имат дваесет години се немаме проговорено и не сака да го вида. Бевме кај еден чоек онаму Кривогаштани. И ми рече тој човекот - една шамија да постојт на евла и да си ја носиш. Тој да ја земет шамијата и да ми ја изгорит, братучед ми. И кога појдовме таму кај човекот пак рече - не, па тој шо ја видел шамијата, ја зел и ја изгорел. А не

бевме карани. Ете за инат. Му реков, не признаваше, не, не, не, не. А тој је. И са се неќеме." ( Л.М.- Ореше)

Магијата одговара на негативниот нагласок кон блиските и ги нарушува востановените комуникациски мрежи. Магијата е средство за пренасочување или намалување на личната вина и одговорност пред групата. Таа претставува посредник меѓу одделниот човек и неговото опкружување и групата (роднини, соседи итн.) Повеќето од автобиографиите ја маркираат жената како жртва и се со порив  да се заштити жртвата. Тоа е тип на женска комуникација, во кој се создаваат односи на емпатичност и солидарност, а сето тоа е продукт на една социјално-полова маргиналност.

"Ох, бре боже, оти се маче таа млада, таа невеста. Има магија направено. А кој е га направил не знаеш". (С.П.- Иловица)

Преку магијата индивидуата се интегрира во групата, која ѝ налага определени вредности и конформистичко однесување и ја зголемува надежта за решавање на проблемот преку ирационална контрола на ситуацијата.

Жените неротки сé дури сметаат дека можат да направат нешто за да родат, бараат помош од секаков вид. Напоредно со медицинските испитувања, одат на бајачки, тријачки, свети места, лековити води, манастири, гледачи итн.Оделе кај тријачки кои им го тријат, масираат и загреваат стомакот. Триена жена не смее да работи една до две недели по триењето. Жените од Ореше и Теово оделе во манастирот Св. Димитрија во Велес. Манастирот го вртат трипати со црвен и бел конец, при што мажот држи, а жената врти околу манастирот. Потоа го плетат конецот во плетенка која треба да се носи околу половината. Некои ја носат до годината, а некои до 40 дена. Ако жената остане трудна, откако ќе го роди детето, плетенката му ја пренесува нему. Наредниот ден одат на водата која се наоѓа зад манастирот, "водана шо прскат".

"Кога појдовме, народ п´лно. Сите кој влезет, поминат под таја вода, редовно та не прскат. А ако видиш дерман од водава шо ќа појш тамо ќа поминеш крај неа и таја ќе те посипет ко воденица. И сите веќе окапани тие шо врвеа. Ја поминав, мене не ме испрска. Су имала магија. А другите сите и прскаше. А мене не ме непрска". (Л.М.- Ореше)

Ако имаат ветено и ако видат "дерман", тогаш носат курбан. Во Ореше одат на водата која ја викаат Змеица или Змејовица, за која има разни легенди поврзани со некој змеј. На таа вода оделе за Дуовден и се миеле лице и гради, бидејќи водата била многу лековита. Многу често жените неротки бараат помош од познатите гледачи низ Македонија, кои имаат способност да ја видат причината за неплодноста и да го најдат лекот. Од нив добиваат вакви одговори: " Од дарбини имаш од Бога пет. Од душмани в рака нема да ванеш." Одат кај жени кои гледаат на икони и свеќи и кои можат да ги слушнат светците.

"Ќа запалиш три свеќи, и икони си клала на масата три; ќе си остаиш пари колку имаш. Свеќи ќе си однесеш, ќе ти и запалит свеќите; ако угаснеле немат да родиш, ако не угаснеле, ќа родиш". ( Л.М.- Ореше)

Жените од Ореше оделе кај бајачки кои им подготвувале разни чаеви

"Еми какви ќа ми дает, ќа пија. Во водата тие ќа прајт водишче како партали ќа се пафтает внатре и ќа пиеш." (Л.М.- Ореше)

Во Ореше земале сув измет од говедата, ќе го зовриеле и ја ставале жената на пареата за да роди.

"Су ја турала нашава. И на метла копрова су ја турала и на пресно млеко су ја турала и на лепешки говедски, не помагаше нишчо" (З.Д.- Ореше)

Кога грми жената треба да се извалка со земја за да добие деца. (О) Кога ќе падне првиот град жената треба да касне три зрна град. (О)
Во Иловица жените оделе да преспијат во манастирите или црквите каде што оставале пари и цел кат дарови. За празникот Св. Четириесет оделе на каменот кој се вика Бенлиташ. Оставале пари "колку не се бројат" и се провирале три пати низ каменот. Оделе жени кои не можат да родат, жени на кои не им траат децата, жени кои сакаат да се армасаат " за да си го земе тој шо си го сака да ѝ дојде среќа" (С.П.- Иловица) На каменот не носат курбан, ама носат погачи кои ги раздаваат на луѓето што се присутни тука. Оделе на бајачки кои баеле со вода, сол и босилек. (И)

"Со водичка, солче, ќе се напие од таа вода, босилокче ќе турат. Ќе турат три гранкички босилче уф водата. Ако са зберат тие тука да се чукнат ќе се добијат жените. Твоето име ќе го каже и од тебе белегче, конченце некое и она ќе си бае там басмите шо и са и така". (С.П.- Иловица)

*Информатори:*
Милошеска Лена родена 1931 год. во Ореше, мажена во Ореше;
Злата Делоска родена 1928 год. во Ореше, мажена во Ореше;
Богдана Мирчева родена 1916 год. во Теово, мажена во Теово;
Доста Тасева родена 1929 год. во Шушица, мажена во Иловица;
Стојна Панова родена 1933 год. во Иловица, мажена во Иловица;